**20220310316**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 28 став (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА ДАДЕНАТА ИНФОРМАЦИЈА ОД ИМАТЕЛИТЕ НА ИНФОРМАЦИИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместокот за материјалните трошоци за дадената информација од имателите на информации.

Член 2

(1) Висината на надоместокот за материјалните трошоци за дадената информација од имателите на информации, изнесува:

- за умножување на една страна од лист, А-4 формат - 1 денар,
- за печатење во една боја, на една страна од лист, А-4 формат - 2 денари,
- за електронски запис на информацијата на едно компјутерско ЦД - 21 денар и
- за препис на една страница од лист, А-4 формат - 5 денари.

(2) Барателот на информацијата за добиената информација во вид на електронски запис на УСБ кое е во негова сопственост или на негова е-маил адреса, не плаќа надоместок.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на надоместокот за материјалните трошоци за дадената информација од имателите на информации („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/06 и 140/17).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-11666/1-21
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.